# З А П И С Н И К

**од 46-та редовна седница на Советот на Општина Валандово**

**одржана на ден 30-ти мај 2025 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Советот на Општина Валандово со почеток во 12.00 часот.

Со седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Валандово, Владимир Марков.

На седницата беа присутни беа сите 15 советници, Градоначалникот на Општината г-дин Перо Костадинов и претставници од општинската администрација.

Седницата се снимаше од Радио Валандово и се пренесуваше во живо.

За 46 тата редовна седница беше предложен дневен ред од 13 точки.

1. Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2025 година до 31.03.2025 година;
2. Квартален Финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за периодот од 01.01.2025 до 31.03.2025 година;
3. Годишен план за вработување на ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово за 2026 година;
4. Годишен план за вработување на ООУ „Страшо Пинџур” с.Јосифово, Валандово за 2026 година;
5. Годишен план за вработување на СОУ „Гоце Делчев” Валандово за 2026 година;
6. Предлог - Одлука за субвенционирање на семејства кои имаат ученик запишан во прва година во СОУ „Гоце Делчев" Валандово во учебната 2025/2026 година;
7. Предлог - Одлука за одобрување финансиска поддршка на Здружение за подобрување на квалитетот на животот во МЗ Пирава за реализација на активности;
8. Предлог - Одлука за финансиска поддршка за покривање на трошоци на 32-от меѓународен фестивал пролетни веселби „ХИД БАХ ШЕН ФЕСТ" - Чалакли, Валандово;
9. - Предлог - Одлука за одобрување на финансиска помош за реализација на програмски активности на Фудбалската федерација на Македонија - Општински фудбалски сојуз Валандово;

10. Предлог - Одлука за одобрување финансиска поддршка на Здружение за развој на култура, спортот, уметноста и заштита на животната средина „Валандовска Бојмија" за реализација на програмски активности;
11. Предлог-Одлука за одобрување на финансиска помош за реализација на програмски  активности на Фудбалски клуб „Младост - МФКУ" Удово;
12. Предлог - Одлука за донесување на Нацрт - Детален урбанистички план за Урбана единица 1, Блок 1.2, КО Валандово, Општина Валандово
13. - Предлог - Програма за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2025 година

Немаше пријавено други за дискусија, па дневниот ред со 15 гласа ЗА , 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ беше изгласан.

По ова беше отворена расправа по Записникот од 45 тата редовна седница.
Немаше пријавено за дискусија, па беше ставен на гласање и изгласан со 15 гласа ЗА.

Се премина на работа по усвоениот дневен ред:

ТОЧКА 1

По Кварталниот извештај на Општина Валандово образложение имаше раководителката на одделението за финансирање и Буџет Марија Чурлинова Јорданова.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана со 9 гласа ЗА, 6 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ .

ТОЧКА 2

По Кварталниот извештај на ЈП Комунален сервис  Валандово образложение имаше ВД директорот Глигорије Џилвиџиев.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана со 8 гласа ЗА 6 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ . Еден советник беше изземен од гласање.

ТОЧКА 3

По Годишниот план за вработување на ООУ,,Јосип Броз Тито,, Валандово образложение даде директорката на училиштето Даниела Џонова.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгласан со 9 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 6 ВОЗДРЖАНИ .

ТОЧКА 4

По Годишниот план за вработување на ООУ,,Страшо Пинџур,, Јосифово образложение даде директорот  на училиштето Антонио Дилберов.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгласан со 9 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 6 ВОЗДРЖАНИ .

ТОЧКА 5

По Годишниот план за вработување на СОУ,,Гоце Делчев,, Валандово образложение даде директорката на училиштето Ташка Гетова.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгласан со 9 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 6 ВОЗДРЖАНИ

ТОЧКА 6

По Предлог – Одлуката за субвенционирање на семејства кои имаат ученик запишан во прва година во СОУ „Гоце Делчев" Валандово во учебната 2025/2026 година беше отворена расправа.

За збор се јави Тоше Тодоров. Тој го искажа својот став дека оваа Одлука е дискриминирачка и треба да важи и за децата кои се запишуваат во други училишта. Побара да се предложи нешто поиновативно.

Градоначалникот одговори дека советникот Тоше Тодоров е советник од Општина Валандово и треба да ги штити интересите на граѓаните на Општина Валандово и на нашето општинско училиште и дека со оваа Одлука ќе се постигне многу повеќе отколку со јавување по министерствата за недавање на согласност за вработување.

Тоше Тодоров на ова одговори дека ако има градоначалникот проблем со некој да му се јави лично, а тие се немаат јавувано по министерства за да не се даваат согласности. За висината на субвенциите не навлегува, туку само дека треба да се даде и на другите ученици кои учаат во другите општини, бидејќи и тие се граѓани на Општина Валандово и плаќаат данок на Општина Валандово, а за возврат не добиваат ништо.

Градоначалникот на ова одговори дека за учениците што одат да учат во другите општини, нека размислуваат другите општини, а за нас СОУ,,Гоце Делчев,, е светост и се ќе направиме за неговите ученици, професори и вработени и му порача на советникот Тоше Тодоров дека ако смета дека Одлуката е дискриминирачка нека поведе судска постапка.

Аспарух Москов се јави за збор и праша дали учениците кои се запишани на други струки кои не се застапени во нашата општина ќе добијат субвенција.

Градоначалникот рече дека одговорот се содржи во Одлуката и дека иста одлука ја имаат и многу други општини и таа не е дискриминаторска туку заштитничка.

Немаше други пријавено за дискусија па точката беше ставена на гласање и изгласана со 9 гласа ЗА 0 ПРОТИВ и 6 ВОЗДРЖАНИ.

Процедурално се јави градоначалникот. Изрази жалење што советнчката група на ВМРО ДПМНЕ не ја поддржува оваа Одлука за финансиска поддршка за запишување на ученици во нашето средно училиште  иако многумина од нив учеле во него.

Тоше Тодоров се јави за реплика. Рече дека го замолува градоначалникот да не мисли дека само тој се грижи за функционирањето на училиштето. Тие само кажале дека треба само да се биде поиновативен.

Градоначалникот му порача на советникот Тоше Тодоров да предложи 3 поиновативни работи за упис во средното  училиште.

ТОЧКА 7

По Предлог – Одлуката за одобрување на финансиска поддршка на Здружение за подобрување на квалитет на животот во МЗ Пирава за реализација на активности во износ од  15 000 денари, беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 8

По Предлог – Одлуката за одобрување на финансиска поддршка за покривање на трошоци на 32-риот меѓународен фестивал пролетни веселби,,Хид Бах Шен Фест,, Чалакли Валандово во износ од 220 000 денари беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 9

По Предлог – Одлуката за одобрување на финансиска помош за реализација на програмски активности на ФФМ -Општински фудбалски сојуз   Валандово  во износ од 30 000 денари.

Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 10

По Предлог – Одлуката за одобрување на финансиска поддршка на Здружение за развој на култура, спорт, уметност и заштита на животната средина ,,Валандовска Бојнмија,, за реализација на програмски активности во износ од 90 000 денари беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 11

По Предлог – Одлуката за одобрување на финансиска поддршка на МФК ,,Младост,, Удово  за реализација на програмски активности во износ од 15 000 денари беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 12

По Предлог – Одлуката за донесување на Нацрт Детален урбанистички план за Урбана единица 1 , Блок 1.2, КО Валандово, Општина Валандово  образложение имаше Ѓоко

Аврамски. Тој на видео бим направи презентација на Нацрт ДУП каде што детално беа прикажани сите детали.

Беше отворена расправа. Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 13

По Предлог – Програмата за Урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2025 година образложение имаше повторно Ѓоко Аврамски.

Беше отворена расправа. Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

Со ова беше исцрпен дневниот ред и беше отворен делот за

СОВЕТНИЧКИ ПРАШАЊА

Јасмина Танчева

-Како советник од с. Пирава ги пренесе реакциите од граѓаните од с. Пирава за квалитетот на водата која е во надлежност на ЈП ,,Комунален сервис,,Валандово.

ВД директорот Глигорије Џилвиџиев даде одговор дека од кога се превзема во надлежност водата од МЗ, постојано се работи на подобрување на квалитетот. Рече откако имало реакции од страна на граѓаните за неисправност на водата, земена е повторно анализа и истата покажува дека водата е исправна и нема потреба од загриженост.

Јасмина Танчева постави потпрашање: Зошто се јавила загриженост кај граѓаните?

Градоначалникот одговори дека постапката за превземање е направена се со цел да се обезбеди квалитетна вода и праша зошто кога не се правеа анализи воопшто кој гарантираше за исправноста на водата.

ВД директорот Глигорије Џилвиџиев додаде дека имало реакции поради прекумерното хлорирање на водата а тоа е поради тоа што хлорирањето се вршело рачно. Веднаш после тоа се направиле анализи и истите покажале дека водата е исправна за пиење.

Владимир Марков праша во изминатиот период пред да биде превземена дали се правеа анализи и дали водата се хлорираше?

ВД директорот Глигорије Џилвиџиев одговори дека пумпите тогаш беа исклучени, водата рачно се хлорираше и не беше здравствено исправна.

Нада Камчева

Јавната чистота во градот и населените места е чиста катастрофа.

ВД директорот Глигорије Џилвиџиев одговори дека има план за јавна чистота, се одржува зеленилото, се коси редовно и во градот и во селата, а колку ќе биде чисто зависи од сите нас.

Градоначалникот изјави дека таква изјава дека јавната чистота е катастрофа е многу тешка и праша што прават тие за подобрување на состојбата. ЈП ги чисти дивите депонии на повеќе локации, се садат цвеќиња во централното градско подрачје. Им забележа дека на секоја седница провоцираат и се служат со провокации и сакат политички да поентират.

Додаде дека во наредниот период секое домаќинство ќе добие по 3 канти во различни бои. Рече дека сите заедно треба да функционираме и жалосно е да се делиме по партиска основа. Секоја критика што е конструктивна теба да се прифати, како луѓе треба да се поддржуваме еден со друг и ако тоа не е така имаме поголем проблем од јавната чистота. А сега граѓаните конечно можат да дискутираат за тоа дали пијат квалитетна вода или не.

Тоше Тодоров

Дали сите резервоари се со заштитени, оградени и под видео надзор?

Градоначалникот го праша советникот како гласаа тие кога се носеше Одлука за превземање на водата или ја напуштиле седницата и како тогаш не беа загрижени за водата и за резервоарите?

Тоше Тодоров појасни дека поставил конкретно прашање и не отстапува од него.

Градоначалникот рече дека и тој поставил конкретно прашање и тој не отстапува од него, а советникот одговор ќе добие.

Глигорије Џилвиџиев одговори дека резервоарите се заштитени, исчистени и заклучени, но немаат видео надзор, а секое превземање на несакани дејствија повлекува кривична одговорност.

Аспарух Москов

Пред неколку месеци во Удово се отпочна со градење на атмосферска канализација. По пријава до директорот дека се врши нелегално приклучување на атмосферската канлизација во фекалната, тој не беше запознаен со тоа. Побара писмено известување за тоа кој дозволил да се приклучи така и зошто не се заштити големата дупка која е направена и е потенцијална опасност.

Градоначалникот одговори дека секое советничко прашање е упатено до него и тој одлучува за тоа на кое ќе одговори, а на кое ќе побара помош од службите. Го замоли советникот Аспарух Москов да оди во Пирава и да види во каква состојба е сега резервоарот за вода сега, а каков беше претходно.

Аспарух Москов праша зошто се издвојуваат 500 000 денари за надзор кога тој не се појавува на објектот.Се издвојуваат огромни средства на граѓаните, а изведувачот работи фушерски. Исто како што се асфалтираат и улиците без гумен ваљак.

Градоначалникот одговори дека тој не е стручен , за тоа има надзор и тој ќе одговара за работата и за тоа како се работи.

Надица Недиќ

Ја праша советничката Јасмина Танчева зошто кога сеуште водата не беше под ЈП и не беше исправна, тогаш таа не беше загрижена и ја искористи приликата и ги замоли сите граѓани да ги почитуваат апелите од ЈП и да не го исфрлаат кабастиот отпад во контејнерите и до нив, туку да пријават до ЈП и истиот ќе биде собран.

Немаше други советнички прашања и седницата беше заклучена.

Претседател

Записничар — на Совет на Општина Валандово

Соња Христова Јовановиќ — Владимир Марков